

## Натамошни информации

Посетете го местото на интернет на службата My Aged Care на **www.myagedcare.gov.au**

или

Може да се јавите во службата My Aged Care на **1800 200 422***

Контактниот центар на службата My Aged Care работи:

- Од понеделник до петок – од 8 часот претпладне до 8 часот попладне
- Во сабота од 10 часот претпладне до 2 часот попладне по источноавстралиско стандардно време. (AEST)

Контактниот центар е затворен во неделите и во деновите на државни празници.

**Ако сте глуви или ако имате оштетен слух или говор**, можеме да ви помогнеме преку Националната служба за поврзување (National Relay Service). Јавете се на **1800 555 677*** и побарајте го бројот **1800 200 422***.

**Ако ви треба преведувач**, можеме да ви помогнеме преку Преведувачката служба (Translating and Interpreting Service). Јавете се на **131 450** и побарајте го бројот **1800 200 422***.

** Повиците до броеви што почнуваат со 1800 обично се бесплатни кога се вршат од фиксен телефон. Сите повици од мобилни телефони се наплаќаат според тарифите што ги применува односната телефонска компанија.*

Сите информации во овој печатен материјал се точни во ноември 2016 г.

11782 Февруари 2017 г.

Australian Government

myagedcare



# Вашиот пат до добивањето на Пакет за нега во домот

## Добијте го резултатот од вашето оценување

### Ќе добиете писмо

Ќе добиете писмо со кое ќе ве известат дали ги исполнувате условите и дали ви е одобрено да добивате пакет за нега во домот и од кој степен.

Ќе бидете ставени на национален список за чекање со првенство за услуги за нега во домот и ќе ви се јават кога за вас ќе има расположив соодветен пакет.

Вашето место во редот за чекање ќе биде врз основа на вашите потреби и околности, како и на времето што сте го минале чекајќи на негата.

## Проучете ги давателите на услуги за нега во домот и пресметајте ги трошоците

Додека чекате на ред, ќе треба да почнете да ги проучувате одобрените даватели на услуги за нега во домот за да сфатите:

- како тие можат на најдобар начин да ги опслужат вашите потреби
- какви се нивните цени и такси, и што значат тие
- какви сè дополнителни услуги нудат со кои се издвојуваат од другите даватели на услуги.

Ако ви е потребна помош околу проучувањето на давателите на услуги, може да ја користите алатката Пронаоѓач на услуги (Service Finder) на местото на интернет на службата My Aged Care **www.myagedcare.gov.au** или да се јавите во службата My Aged Care на **1800 200 422**.

Од вас може да биде побарано да придонесувате кон трошоците за вашиот пакет, па затоа не е лошо да почнете да ги проучувате цените на услугите за нега во домот. Може да ја користите алатката за приближно проценување на цените за нега во домот (Home Care Fee Estimator) на местото на интернет на службата My Aged Care, за да добиете приближна проценка на цените.

За официјална процена на приходот може да се јавите во Department of Human Services на 1800 227 475. Вашиот дом не е вклучен во процената на приходот, туку се зема предвид само вашиот приход.

Department of Human Services ќе ве извести за износот што ќе треба да го плаќате на основа на процената на вашиот приход, а потоа таа информација може да ја користите во следната фаза кога ќе разговарате со давателот на услуги што сте го избрале.

## Почекајте да ви биде доделен пакет за нега во домот

### Ќе добиете писмо

Кога ќе стигнете на врвот на редот за чекање, ќе добиете писмо со поединости за вашиот пакет за нега во домот. Во него ќе биде вклучен и вашиот единствен број за упатување (referral code), за да можете да го земете вашиот пакет.

Ќе имате рок од 56 дена за да го земете вашиот нов пакет за нега во домот и да склучите договор за нега во домот со давателот на услуги што сте го избрале.

Ако од која и да било причина ви треба продолжување на рокот, треба да се јавите во службата My Aged Care.

## Склучете Договор за нега во домот

Кога ќе го изберете давателот на услуги што најдобро може да ги опслужи вашите потреби, тој заеднички со вас ќе изготви план за нега и пакет за нега врз основа на вашиот буџет.

Вашиот давател на услуги мора да ви ги наведе сите такси и трошоци што се додаваат кон вашата цена заснована на проверката на приходот (ако е таков случајот). На пример, може да ви наплати основна дневна цена и/или административни трошоци или трошоци за водење на случајот.

Прегледајте го вашиот Договор за нега во домот со член на семејството, негувател, пријател или застапник. Ако сакате, исто така може да побарате независен правен совет.

Вашиот план за нега може да го измените во секое време во договор со вашиот давател на услуги.

## Управувајте со вашите услуги

Штом конечно ќе бидете задоволни со вашиот план и пакет за нега, внимателно прочитајте го Договорот за нега во домот пред да го потпишете, за да почнете да ги добивате услугите.

Ако вашите потреби од нега се изменат и ако ви требаат поинаква нега и услуги, може да се договорите со вашиот давател на услуги да ги преразгледате вашиот план и пакет за нега.

Ако од која и да било причина во иднина треба да го смените давателот на услуги, било да е тоа затоа што се селите на друго место или затоа што барате некој што повеќе ќе ви одговара, можете да го направите тоа.

Пред да донесете одлука да го смените давателот на услуги, разгледајте го пак вашиот Договор за нега во домот, за да се осигурате дека сте свесни за сите трошоци и услови за раскинување на договорот со вашиот давател на услуги.

Вашиот давател на услуги е должен да ве поддржи ако одлучите да преминете кај друг давател на услуги. Тоа вклучува и префрлување на сите непотрошени парични средства, ако ги има, кај вашиот нов давател на услуги за нега во домот.